**ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ ЗА ИЗРАБОТКА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВЕБ ПЛАТФОРМА**




**ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА 1 (ЕДЕН) ВЕБ ДЕВЕЛОПЕР ЗА ИЗРАБОТКА НА ВЕБ ПЛАТФОРМА, ОДРЖУВАЊЕ И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА**

За потребите на проектот **„Младинска медиумска лабораторија”**, отвораме повик за *доставување понуди* за изработка и одржување на веб-платформа за медиумска писменост.

**За проектот**

Главна цел на проектот е подигање на нивото на медиумска писменост кај младите пред се преку едукација и зајакнување на вештините на младите за критичко разбирање на медиумските содржини и градење отпорност кон дезинформации.

Како дел од проектот ќе биде развиена едукативна веб платформа на која ќе биде интегриран видео курс за медиумска писменост со систем за тестирање како веб алатка за едукација и тестирање на стекнатите знаења во оваа област.

Проектот „Младинска медиумска лабораторија“ го имплементира граѓанската организација „Граѓански Патеки“ во партнерство со здруженијата „ИКТ Свет“, „Журналист“, „Од млади за млади“, „Младинска Граѓанска Акција“ и „Еко герила Преспа“ во рамките на регионалната програма „Нашите медиуми: Акција на граѓанското општество за поттикнување на медиумска писменост и активизам, спротивставување на поларизацијата и промовирање на дијалогот“, која се имплементира со финансиска поддршка на Европската Унија од партнерските организации СЕЕНПМ, Албанскиот институт за медиуми, Медиацентар Сараево, Советот за медиуми на Косово, Црногорски институт за медиуми, Македонски институт за медиуми, Новосадската школа за новинарство, Мировен институт и Бианет.

**За ангажманот**

Ве покануваме да доставите понуда за изработка на веб платформа. Конкретните спецификации за веб платформата можете да ги најдете во документот **Технички информации за ангажманот**.

Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Финансиска понуда со временска рамка (документ во прилог, **Анекс 1**)
- Биографија и Портфолио од реализирани проекти изработени од апликантот

- Најмалку две препораки

На повикот имаат право да се пријават сите заинтересирани правни и физички лица. Повеќе детали за условите и начинот на пријавување можете да најдете во документот **Технички информации за ангажманот**.

**Понудата треба да се достави не подоцна од 29.01.2025 до 23:59 часот.**

Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

Сите понудувачи кои доставиле понуди и ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени.